Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 22 од Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија" „. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 , 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија „ бр. 110/2019), Градоначалникот на Општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2021**
**за вработување на неопределено работно време на 2 извршители**

Општината Битола има потреба од вработување на неопределено работно време на 2 (два ) извршители за следното работно место:
***Сектор за правно нормативни административни и општи работи -***
***Одделение за административни и општи работи***
***1. а) реден бр.23 шифра УПР0405А03004 Хигиеничар/ка*** *Број на извршители- 2*

**б)-општи услови:**
-кандидатот да е државјанин на Република Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и
- активно да го користи македонскиот јазик;

**в)посебни услови:**
- стручни квалификации : основно или средно образование,
- работно искуство: со или без работно искуство

**г) распоред на работно време** : двократно работно време- од 06 часот до 09 часот и 15 часот до 20 часот
**д)** паричен нето износ на плата : 14940, денари;
**ѓ) напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2021 година вработувањето е предвидено за 1 Ром (ка) и 1 Македонец (ка);

**2.а)- Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите** се доставува во рок од **5 дена** од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневен печат не рачунајќи го денот на објавувањето.
Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма на адреса -Општина Битола ,
Булевар „1 ви Мај „ бр. 61 Битола.
Лице за контакт – Кире Ѓоргиевски , телефон 070-303-725;
Пријавата за вработување може да се подигне од шалтерот на Општина Битола или да се превземи од веб страната на Општина Битола: **www.bitola.gov.mk**

**- пријавата за вработување треба да содржи:**
-податоци за кандидатот ( име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница)
- кратко мотивациско писмо;
-кратка биографија;
-изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-изјава за исполнување на други посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

Кандидатите кон Пријавата треба да ја достават следнава потребна документација
- Уверение за Државјанство на РМ (оригинал или заверено на нотар).
- Диплома за завршено образование (оригинал или заверена на нотар ).
-Лекарско уверение како доказ да има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува (оригинал)

- Документот – уверение за со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност Општината Битола по службена должност самата ќе го набави.

**Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.**

**3- Постапката за селекција** ќе биде спроведена во следните фази: проверка на комплетност на пријавата и доказите , проверка на веродостојност на доказите и интервју; Градоначалникот со решение формира Комисија за селекција, која во рок од осум дена од истекот на рокот за пријавување на огласот врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот.
Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите .
По проверката на веродостојност на доказите , преку емаил или телефон за контакт наведени во пријавата се закажува ден , час и место каде ќе се изврши интервју.

По спроведената постапка на селекција, се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција.

Од ранг-листата се избира кандидат со припадност на заедница согласно со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

Комисијата за селекција ранг листата на кандидати му ја доставува на градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

**4. Одлуката за избор** ќе биде донесена во рок согласно член 23 од Законот за работни односи .

Бр.04-41/4 **Градоначалник**
26.03.2021. на Општината Битола

Битола м-р Наташа Петровска

Изготвил: Кире Ѓоргиевски